

# Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе **на Советот на Европа**

## **Правата** на жртвите

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE



**Трговијата со луѓе ги прекршува правата и влијае врз животите на неброено многу луѓе во Европа и надвор од неа. Се тргува со растечки број на жени, мажи и деца како со стока, преку границите или во рамките на нивните земји и при што тие се наоѓаат во замка на експлоатација и малтретирање.**

Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа, која стапи во сила на 1 февруари 2008 година, има за цел:

- Да ја спречи трговијата со луѓе,
- Да ги заштити жртвите на трговијата со луѓе,
- Да ги гони строителите, и
- Да ја унапреди координацијата на националните активности и меѓународната соработка на овој план.

Конвенцијата се применува во однос на:

- Сите форми на трговија со луѓе, независно дали има национален или меѓународен карактер и дали е поврзана со организираниот криминал или не,
- Сите жртви на трговијата со луѓе (жени, мажи и деца),
- Сите форми на експлоатација (сексуална експлоатација, присилна работа или услуги, ропство, слугување, отстранување на органи, итн.).

Главната дополнителна вредност на Конвенцијата е нејзиниот фокус врз човековите права и заштитата на жртвата. Конвенцијата ја дефинира трговијата со луѓе како повреда на човековите права и како кривично дело против достоинството и интегритетот на човекот. Ова значи дека националните власти сносат одговорност доколку не преземат активности за превенција на трговијата со луѓе и заштита на жртвите и доколку не спроведат ефективна истрага за случаите на трговија со луѓе.

Трговијата со луѓе е феномен кој има глобални размери и кој не познава граници, поради што Конвенцијата е релевантна и отворена за сите земји во светот.

# ШТО ПРЕТСТАВУВА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ?

Конвенцијата ја дефинира трговијата со луѓе како комбинација на следниве три елементи:

- **Дејствие**: врбување, превезување, трансфер, засолнување или примање на лица;
- Со употреба на одредени **средства** како: закана, употреба на сила или други форми на принуда, грабнување, измама, доведување во заблуда, злоупотреба на положбата или ранливата состојба на друг, или давање или примање на пари или друга корист за да се добие согласност од лицето кое има контрола над друго лице;
- Со цел **експлоатација**: како минимум, експлоатација на проституцијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или други практики слични на ропството, слугување или отстранување на органи.

# КОЈА Е РАЗЛИКАТА ПОМЕЃУ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕТО НА ЛУЃЕ?

Додека целта на криумчарењето на луѓе е незаконско превезување на лица преку границата за да се стекне, непосредно или посредно, финансиска или друга материјална корист, целта на трговијата со луѓе е нивна експлоатација. Дополнително, кај трговијата со луѓе не мора задолжително да се премине границата, туку таа може да се случува и внатре во границите на земјата.



# КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ЖРТВА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ?

Секој може да стане жртва на трговијата со луѓе – жени, мажи и деца, лица на која било возраст и со каков било општествен статус. Лицата кои стануваат жртви на трговијата, на пример се принудени да даваат сексуални услуги, да работат без или со мал надоместок, или да се подвргнат на отстранување на органите. Експлоатацијата често е пропратена со физичко и емоционално насилство и закани кон жртвите и нивните роднини.

Според Конвенцијата, жртва на трговијата со луѓе е лице кое е превезено, префрлено, врбувано, засолнето или примено во земјата или преку нејзините граници, со употреба на закана, сила, измама, принуда или други незаконски средства, со цел да биде експлоатирано.

Детето ќе се смета за жртва на трговијата со луѓе независно од тоа дали е употребено некое од **средствата** за негово/нејзино врбување, превезување, трансфер, засолнување и примање со цел експлоатација.

„Согласноста" на жртвата со експлоатацијата е ирелевантна доколку се користело било кое од **средствата** (принуда, измама, злоупотреба на ранлива состојба, итн.). Понатаму, лицето ќе се смета за жртва и тогаш кога експлоатацијата се уште не започнала, односно кога лицето било изложено на некое од **дејствијата** со употреба на некое од **средствата**.

# КАКВИ ПРАВА ИМААТ ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ СПОРЕД КОНВЕНЦИЈАТА?

## Идентификација

Жртвите на трговијата со луѓе мора формално да бидат идентификувани како жртви за да се спречи тие да бидат третирани како лица со нерегулиран престој или криминалци. Идентификацијата ја вршат посебно обучени професионалци (полициски службеници, социјални работници, трудови инспектори, доктори по медицина, лица кои даваат поддршка, итн.) согласно со претходно утврдени постапки и критериуми за идентификација.

## Период за закрепнување и рефлексија

Дури и пред жртвите да бидат формално идентификувани како такви, тие имаат право на период од минимум 30 дена за закрепнување, за да побегнат од влијанието на трговците и да размислат за нивна соработка со властите во истрагата за делото трговија со луѓе. За време на овој период, тие не можат да бидат протерани од земјата, а тие имаат и право на помош дури и кога нивниот престој не е законски.

## Помош

Независно од тоа дали жртвите се подготвени да соработуваат во текот на кривичната истрага или да се јават како сведоци во постапката, тие имаат право на:

- соодветно и безбедно сместување
- психолошка помош и поддршка
- материјална помош
- пристап до неопходен медицински третман
- услуги на преведување и толкување
- советување и информирање
- помош во текот на кривичната постапка
- пристап до пазарот на трудот, професионално остручување и образование, доколку законски престојуваат во земјата.

## Правна помош

Жртвите на трговијата со луѓе имаат право да бидат запознаени со нивните права и со сите релевантни постапки, на јазик кој го разбираат. Тие исто така имаат право на правно советување, како и бесплатна правна помош под посебни услови.

## Дозвола за престој

На жртвите може да им се издаде дозвола за престој која може да се обновува, доколку тоа го бара нивната лична ситуација или доколку е потребно тие да останат во земјата за да соработуваат со властите во текот на истрагата за делото трговија со луѓе. Издавањето на дозвола за престој не го ограничува нивното право да бараат азил.

## Заштита на приватниот живот и идентитетот

Личните податоци на жртвите не смеат јавно да се обелоденуваат и може да се чуваат само за посебни и законски цели. Овие податоци не смее да се користат на начин кој овозможува жртвите да бидат идентификувани.

## Заштита во текот на истрагата и судската постапка

На жртвите и членовите на нивните семејства, кога е потребно, ќе им се обезбеди заштита од евентуално одмаздување или заплашување од страна на трговците. Тоа може да вклучува обезбедување на физичка заштита, реалокација, промена на идентитетот и помош при вработување.

## Обесштетување

Жртвите на трговијата со луѓе имаат право на финансиски надоместок за штетата што ја претрпеле во рацете на трговците. Овој надоместок може да го додели суд, по спроведена конфискација на имотот на трговците или истата може да ја додели државата во која се вршела експлоатацијата.

## Репатријација и враќање

Враќањето на жртвите во нивната земја на потекло мора да се спроведе со доследно почитување на нивните права, безбедноста и достоинство, како и земајќи го предвид стадиумот на правните постапки кои се водат во дадениот случај. По враќањето, на жртвите треба да им се понуди помош за нивна реинтеграција, образование и помош за вработување.

# КАКВИ ПОСЕБНИ ПРАВА ИМААТ ДЕЦАТА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ?

**Покрај гореспоменатите права кои се однесуваат на сите жртви на трговијата со луѓе, децата ги имаат следниве посебни права:**

- на непридружуваните деца им се назначува старател за да ги претставува и да постапува во нивна корист и најдобар интерес;
- се преземат чекори за да се утврди идентитетот и државјанството на децата, а доколку тоа е во нивен најдобар интерес и да се лоцираат нивните семејства;
- кога не е извесна возраста на жртвата, но постојат разумни основи да се верува дека жртвата е под 18 години, се претпоставува дека тој/таа е дете и се преземаат посебни заштитни мерки додека да се верификува возраста;
- децата имаат право на образование и мерки за помош кои треба да ги земат во предвид нивните потреби;
- пред враќање на детето жртва, се спроведува оценка на ризикот и безбедноста од таквото враќање, кое се спроведува само доколку е во најдобар интерес на детето;
- децата имаат полза од посебни мерки за заштита за време на истрагата и судската постапка.





# СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА КОНВЕНЦИЈАТА

Сите земји кои ја потпишале оваа конвенција на Советот на Европа ги мониторира Групата на експерти за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА). Улогата на ГРЕТА е да обезбеди ефективна примена на одредбите на Конвенцијата и почитување на правата на жртвите.

ГРЕТА ја анализира состојбата во секоја одделна земја и изготвува извештај во кој се идентификуваат добрите практики и слабости и дава препораки за унапредување на примената на Конвенцијата во секоја земја. Извештаите и препораките се јавни и се објавуваат на Интернет страницата на Советот на Европа посветена на акцијата против трговијата со луѓе.

THB–INF (2013)2

## Контакти и дополнителни информации

Секретаријат на Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа (ГРЕТА и Комитет на договорните страни)
Совет на Европа / Council of Europe
F-67075 Strasbourg Cedex
Франција / France
E-mail: Trafficking@coe.int

**www.coe.int/trafficking**

PREMS 229113 – MAC – © Council of Europe – Photographs © Shutterstock